Врз основа на прикажаното, како и од личните сознанија за кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Билјана Пулеска Јанушевска во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и одредбите на Статутот на Прв приватен Универзитет – ФОН, за избор на наставник во звање редовен професор и тоа: 1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, 2. има научен степен доктор на науки од соодветната област, 3. има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор, 4. претходно кандидатот бил избран во звање вонреден професор, 5. Има активно познавање на англискиот јазик, 6, има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатот учествувала во повеќе научноистражувачки проекти и апликативни проекти значајни за примената на научноистражувачки резултати, а преку учеството на меѓународни и домашни школи и семинари од оваа област постојано го надоградува своето знаење, и истото успешно го пренесува на студентите во рамките на наставата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека д-р Билјана Пулеска Јанушевска **во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со општите акти** на Прв Приватен Универзитет –ФОН за да биде избрана за наставник со звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при ФОН Универзитетот, да го избере кандидатот, д-р Билјана Пулеска Јанушевска за наставник од областа на меѓународното право, во звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**.

**Скопје, 01,07,2020** **Рецезентска комисија:**

___________________________

**проф. д-р Трајан Бендевски, с.р. претседател**

___________________________

**проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, с.р. член**

___________________________

**проф. д-р Мерсел Билали, с.р. член**

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот **„Сообраќајна криминалистика (практикум“**

од авторот проф. д-р Методија Ангелески

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност, во состав на АУЕ-ФОН, Скопје, определени сме за членови на Рецензентска комисија за оценка на ракописот „Сообраќајна криминалистика (практикум)“, понуден од авторот проф. д-р Методија Ангелески.

Наведениот ракопис го проучивме и во врска со неговото оценување на ННС на ФДБ му го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „Сообраќајна криминалистика (практикум)“ од авторот проф. д-р Методија Ангелески е напишан со компјутерска техника во Б 5 формат (фонт 11, проред 1,15).

Понудениот практикум содржи 132 страници, поделени во двесет и осум глави според редоследот на материјата што е застапена во неговиот ракопис „Сообраќајна криминалистика (авторизирани предавања)“, кој, исто така, го рецензиравме, како и дополнет со содржини со наслови и содржини што се составен дел на последните три глави. На крајот од ракописот на две страници е наведена релевантна литература од домашни и странски автори што творат во областа на криминалистиката и криминологијата.

Ракописот е структуриран на следниов начин:

1) според редоследот на главите застапени во авторизираните предавања се презентира текст за основните одредници на криминалистиката;
2) на концизен начин се прикажува значајна казуистичка граѓа (полициски и судски случаи од домашната и странската пракса);
3) казуистиката е проследена со богати илустрации (скици и фотографии);
4) се поставуваат прашања за проверка на знаењата во врска со материјата застапена во авторизираните предавања по сообраќајна криминалистика);
5) се решаваат задачи што се поврзани до протоколирање (документирање) на оперативни и процесни дејствија од областа на сообраќајната криминалистика (за што во завршницата на ракописот се вградени полициски обрасци);
6) се презентираат два комплетни оперативни предмети во врска со криминалистичка обработка на сообраќајни несреќи, по кои постапувала македонските сообраќајни криминалисти (со сите релевантни полициски материјали што му се доставуваат на јавниот обвинител).

Во првата глава (Основни одредници на сообраќајната криминалистика) се застапени елементарни сознанија за справување со сообраќајните кривични дела, како и неколку

задачи за проверување на знаењата во врска со поимот, предметот, целта и задачите на сообраќајната криминалистика (стр. 4-5).

Во втората глава се застапени задачи поврзани со планирањето на обработката на сообраќајни несреќи (6).

Во третата глава се содржани задачи во врска со примањето пријава за сообраќајна несреќа и за обезбедувањето место на сообраќајна несреќа (застапени се и задачи за креирање и решавање хипотетички случаи, и тоа со соодветно документирање (7).

Ваков пристап е применет и во наредните две глави, кои се однесуваат на обезбедувањето доказен материјал на место на сообраќајна несреќа, како и обезбедувањето возила кај сообраќајни несреќи (8).

Шестата глава се однесува на утврдувањето објективни околности и услови на сообраќајна несреќа. На ова место од ракописот е сместена богата казуистика (прикажани се десет случаи на судири на патнички возила или други видови сообраќајни несреќи, илустрирани со 10 скици), како и повеќе задачи во врска со оваа проблематика од областа на сообраќајната криминалистика.

Во наредните три глави (VII-IX), кои се однесуваат собирањето податоци за видливоста, за времето на настанување на сообраќајна несреќа, како и за утврдување учесници и сведоци на сообраќајни несреќи, вклучени се задачи за проверка на знаењата во врска со оваа проблематика (16-17).

X глава се однесува на мерки и дејствија за потрага по избегани учесници во сообраќајни несреќи (17-30). Овде се поместени пет случаи од домашната и странската криминалистичка практика, илустрирани со 11 фотографии, како и задачи во врска со оваа проблематика.

Во наредните четири глави застапени се задачи за проверка на знаењата, како и задачи што се однесуваат на креирање хипотетички случаи и нивно документирање во врска со поднесување кривична пријава, вршење увид кај сообраќајни несреќи и класификација на трагите (31-34).

Во XV глава застапена е казуистика од два случаи од пракса во врска со реконструкција на сообраќајни несреќи, како и задачи за спроведувањето на ова дејствие (35-36).

Ист ваков пристап е применет и во наредната глава што се однесува на спроведувањето криминалистички експеримент. На ова место се прикажуваат три случаи од криминалистичката сообраќајната практика (37-39).

На местото од наредните три последователни глави (XVII, XVIII и XIX), кои се однесуваат на процесните дејствија сослушување сведоци, деца жртви на сообраќајни несреќи и испитување обвинет, застапени се задачи во врска со проверка на знаењата, како и документирање на дејствија што ги спроведува сообраќајниот криминалист (40).

Во главата XX, која се однесува на тактиката на препознавање, вклучени се: казуистика (еден случај), како и задачи во врска со документирање на ова дејствие.

Во наредните пет глави (XXI-XXV) се поместени задачи што се однесуваат на следнава проблематика: криминалистичко-сообраќајни трасолошки и други вештачења, железнички сообраќајни несреќи, пожар во автомобил и превенција на сообраќајните несреќи. Застапени се и соодветни задачи во врска со оваа проблематика (41-44).

Во XXVI глава авторот Ангелески прикажува резултати од американско емпириско истражување што се однесува на утврдувањето причини за сообраќајни несреќи од судско медицински аспект (45).

Во наредната (претпоследна) глава од ракописот се поместени два комплетни случаи од македонската сообраќајна полициска пракса (48-98).

На крајот од ракописот се сместени полициски обрасци за документирање оперативни и процесни дејствија, кои корисниците на практикумот ќе ги користат при креирањето хипотетички случаи од областа на сообраќајната криминалистика (99-129).

**2. Констатации и мислење**

При анализирањето на понудениов ракопис ние како рецензенти стекнавме впечаток дека станува збор за конципирање на релевантно учебно помагало што им е потребно на студентите, а и на други корисници (особено на сообраќајни криминалисти кои се почетници во полициското работење).

Станува збор за првичен обид во македонската криминалистичка литература за изработување на ваков вид ракопис кои ја збогатува домашната сиромашна криминалистичка литература.

**3. Заклучок и предлог**

Со оглед дека станува збор за ракопис што ги задоволува сите универзитетски стандарди за труд од ваков вид, на Наставно научниот-совет на ФДБ му предлагаме да го прифати ракописот „Сообраќајна криминалистика (практикум)“ и да одобри негово користење во вид на учебно помагало по наставниот предмет **сообраќајна криминалистика.**

Рецензенти:

проф. д-р Борис Мургоски, с.р.

проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот **„Сообраќајна криминалистика (авторизирани предавања)“**

од авторот проф. д-р Методија Ангелески

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност определени сме за членови на Рецензентска комисија за оценка на погоре неведениот ракопис.

Понудениот текст внимателно го проучивме и во врска со ова на ННС на ФДБ му го доставуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. **Опис**

Ракописот „Сообраќајна криминалистика (авторизирани предавања)“, понуден од авторот проф. д-р Методија Ангелески, е во обем од вкупно 183 страници напишани во компјутерска техника (фонт 11, со проред 1,15). На две страници е распослана релевантна криминалистичка, криминолошка и друга литература, која авторот ја користел при изработката на ракописот (наведени се библиографски единици од странски и домашни автори).

Текстот се состои од вкупно 25 глави, кои се логично поврзани и претставуваат одраз на замислата на авторот Ангелески за начинот на обработување и презентирање на релевантната материја.

На почетокот од текстот (стр. 5 – 12) авторот се задржува врз основните одредници на сообраќајната криминалистика како специјализирана криминалистичка методика за обработка на сообраќајни несреќи (поим, предмет, задачи и цели на сообраќајната криминалистика).

Во втората глава (13-21) се изложува материја во врска со планирањето и обработката на сообраќајни несреќи.

Третата глава (22-27) се однесува на примањето пријава за сообраќајна несреќа и обезбедувањето место на сообраќајна несреќа. Овде се разработени мерки и дејствија што се значајни за почетокот на хеуристичкиот процес (мерки во случаи кога има починати учесници во сообраќајни несреќи; помош на повредени лица; обезбедување место на сообраќајна несреќа и регулирање на сообраќајот; расчистување сообраќајници; обезбедување возила; обезбедување траги).

Во четвртата глава (28-29) е објаснета тактиката и техниката на обезбедување доказен материјал на место на сообраќајна несреќа).

Петтата глава (30) се однесува на одземањето возила кај сообраќајни несреќи (привремено одземање, транспорт и сместување одземени возила и др.).

Во шестата глава (31-33) е разработено утврдувањето објективни околности и услови на сообраќајна несреќа. На ова место од ракописот се сместени неколку поглавја (сообраќајна ситуација; положба на патиштата; својства на коловозната површина; прилики на видливост, прегледност и атмосферски услови).

Во седмата и осмата глава (34-37) на концизен начин се опишува собирањето податоци за времето на настанување на сообраќајна несреќа и за видливоста.

За утврдувањето учесници и сведоци е сместен текст во деветта глава (38-39).

Во десеттата глава (40-48) од ракописот се определени и објаснети мерките и дејствијата за потрага по избегани учесници во сообраќајни несреќи.

Текст за известувањето за состојбата на местото на сторена сообраќајна несреќа и за поднесувањето кривична пријава против сторители на сообраќајни несреќи е содржан во единаесеттата глава (49-52).

Обемен текст за тактиката и техниката на спроведување увид кога се во прашање сообраќајни несреќи е вклучен во дванаесеттата глава (53-78).

Во тринаесеттата глава (79-87) станува збор за типовите траги и нивна класификација според настанувањето зависно од фазите на сообраќајната несреќа.

Четиринаесеттата глава (88-103) целосно и е посветена на морфологијата на траги од возила. При ова во ракописот се опфатени и прикажани разни видови траги (траги од возење; траги од сопирање; траги од блокирање; траги од лизгање; траги од занесување; траги од стружење на тркалата; траги од туркање и др.).

Во петнаесеттата глава (104-110) е разработена реконструкцијата на сообраќајна несреќа, а во наредната глава е застапен криминалистичкиот експеримент (111-113).

Сослушувањето сведоци и учесници во сообраќајна несреќа е опфатено во седумнаесеттата глава (114-126).

Одделна глава (осумнаесеттата) му е посветена на сослушувањето деца што се жртви или сведоци на сообраќајна несреќа (127-136).

Во две одделни глави (деветнаесеттата и дваесеттата) поместен е текст во врска со тактиката и техниката на спроведување на процесните дејствија испитување обвинет (137-141) и препознавање (142-145).

Наредните две глави (XXI, XXII) им се посветени на експертизите, и тоа на: авто-техничкото вештачење (146-148) и на криминалистичко-сообраќајните трасолошки и сродни вештачења (149-155).

За железничките сообраќајни несреќи станува збор во глава XXIII (156-158).

Во претпоследната глава од ракописот на концизен начин се разработени пожарите во автомобил (159-161).

Завршната глава (XXV) се однесува на превенцијата на сообраќајни несреќи (162-179), во чии рамки се опфатени неколку поглавја (превентивно значење на контролата и регулирањето на патниот сообраќај; сообраќајно образование; улога и значење на училишните сообраќајни патроли и др.).

## 2. Констатации и мислење

Македонската криминалистичка литература се уште е прилично сиромашна и покрај тоа што кај нас криминалистиката како самостојна наука во универзитетски рамки се изучува уште од 1977 година, кога за првпат е воведено високо криминалистичко образование со започнувањето со работа на државниот Факултет за безбедност (единствен во тогашната заедничка држава СФР Југославија). Но неспорен е фактот дека криминалистиката се развива и си наоѓа свое место не само во сите студиски програми на државните и приватните факултети, туку и во учебничката и периодичната стручна литература.
Секое криминалистичко научно остварување неизбежно се вградува во мозаикот на се уште скромната криминалистичка книжевност во Република Северна Македонија, така што секој научен и стручен труд влева надеж дека криминалистичката наука наоѓа плодна почва во нашата земја и се очекува и натаму да ги зацврстува своите позиции во македонската научна орбита.
Во таа насока го препознаваме и ова најново остварување на проф. д-р Методија Ангелески, наш најзастапен автор во македонската криминалистичка литература. Неговиот креативен дух, неисцрпната енергија и неколкудецениската посветеност на продлабочено проучување криминалистички практични и теоретски проблеми, придонесоа да го спознаеме и неговиот најнов обид за збогатување на македонската универзитетска криминалистичка литература.
Од неговата научна работилница овојпат произлезе ракопис посветен на проучувањето на сообраќајната криминалистика како одделна криминалистичка методика за откривање, докажување и разјаснување сообраќајни кривични дела, скриени во пазувите на сообраќајната несреќа како специфичен кривично-правен настан.
Станува збор за првичен обид во нашата криминалистичка литература да се приопштуваат научни и стручни сознанија што се однесуваат на криминалистичко-методичната обработка на сообраќајните несреќи.
Неговиот обид во вид на авторизирани предавања (што по истоимениот наставен предмет ги држи на Факултетот за детективи и безбедност уште од неговото формирање) да пополни присутна празнина во учебничката литература во нашата земја придонесува за натамошен развој на криминалистичката методика и за криминалистиката во целост и поттикнува ваквиот пионерски потфат да се надгради со уште порелевантна книга од македонски криминалисти во врска со оваа проблематика.
Авторот во предговорот научно коректно наведува дека приопштената материја во ракописот првенствено произлегува од перото на неговиот учител проф. д-р Владимир

Водинелиќ (неизбежно скратена и дидактички прилагодена според обемот и потребите на акредитираната студиска програма на наставниот предмет **сообраќајна криминалистика** што се изучува на Факултетот за детективи и безбедност), но истовремено тој е и автор на четири глави што се негово авторско дело (станува збор за текст содржан во следниве четири глави: I, X, XVII, XXV).

### 3. Заклучок и предлог

Понудениов ракопис што го рецензиравме ги исполнува сите универзитетски стандарди предвидени за авторизирани предавања од соодветна научна област. Авторот при проучувањето и презентирањето на проблематиката од областа на криминалистичката методика во врска со обработката на сообраќајни несреќи како специфични кривични настани што индицираат на постоење на кривични дела против јавниот сообраќај, успеал да ја прикаже оваа сензитивна криминалистичка проблематика на начин што е сосем јасен и достапен за читателите на кои им е наменета оваа книга што ја рецензиравме.

Тргнувајќи од сево што е погоре наведено, на ННС на ФДБ му предлагаме да го прифати и да одобри објавување на ракописот **„Сообраќајна криминалистика (авторизирани предавања)“** од авторот проф. д-р Методија Ангелески во вид на авторизирани предавања заради изучување на материјата предвидена според акредитираната содржина на наставниот предмет **сообраќајна криминалистика**, кој го изучуваат студентите на ФДБ.

Рецензенти:

Проф. д-р Борис Мургоски, с.р.

Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот „**Криминалистичка тактика 2** " од авторот

проф. д-р Насер Етеми

Со одлука на седница на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 20.05.2020 година на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, избрани сме за рецензенти на ракописот понуден како учебник со наслов „Криминалистичка тактика 2" (на албански јазик, прво издание) од авторот проф. д-р Насер Етеми.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

**И з в е ш т а ј**

**I Опис**

Ракописот се состои од густо напишан текст распослан на вкупно 342 страници (просечно по 44 реда на страница во Times New Roman, фонт 12 со 1,0 проред) + 8 страни попис на библиографски единици (од домашни и странски автори, и неколку правни и интернет извори).

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 12 глави наведени според следниов редослед, и прилог кон текстот:

- Вовед во Криминалистичката тактика 2
- Тактика на испитување на обвинет
- Тактика на сослушување на сведок
- Тактика на сослушување на деца
- Тактика на сослушување на посебни категории на граѓани
- Посебните истражни мерки
- Тактика на вршење на увид на место на настан
- Реконструкција на местото на настан
- Вештачење
- Привремено обезбедување и одземање на предмети и имот
- Претрес
- Тактика на препознавање
- Соочување

Во почетокот на книгата наместо вовед се опишува значењето што го имаат органите за внатрешни работи во преземање на процесните дејствија, нивната законска позиција. Исто така се посветува внимание и на улогата на Јавниот обвинител во

преземање на процесните дејствија при откривање и докажување на кривичните дела, како е регулирана постапката со закон, основните принципи на водење на испитувањето.

Во првата глава насловена како *Тактика на испитување на обвинет* се обработуваат правилата на испитувањето на обвинет. На почетокот посебен акцент се посветува на основните принципи за вршење на испитувањето, потоа се наведени подготовките што треба да се направат за спроведување на ова дејствие. Понатаму се обработени детално и трите фази на испитување, воведната фаза, фазата на слободното излагање како и фазата на поставување на прашања. Значајно место во обработка на ова глава се посветува на некои тактички методи кои се применуваат во криминалистичката практика при испитување на обвинет кај нас, како и некои практики што ги познава западноевропската криминалистичка. На крајот на ова глава авторот го обработува откривањето на лагите врз основа на вербалното и невербалното однесување на осомничениот при неговото испитување. Ова глава завршува со документирањето на извршениот разговор.

Втората глава е посветана на *сослушување на сведоците*. На почеток на ова глава се наведува значањето што го има сослушувањето на сведоците во постапката. Во ова глава посебно место се посветува на психолошките елементи на исказот на сведокот. Понатаму во ова глава се дадени видовите на сведоци, подготовките што треба да се направат за сослушување на сведоците, и после обработувањето на трите фази на сослушување се обработува и криминалистичката тактика на сослушување на сведоци кои не ја зборуваат вистината.

Во третата глава се наведени тактиките на сослушување на деца. Оваа глава почнува со основните карактеристики и значењето што го има сослушувањето на децата во откривањето и докажувањето на кривичните дела. Понатаму се наведени трите фази на сослушување на децата, улогата што го има истражителот во подобрување на комуникацијата со децата во текот на сослушувањето, како треба да се однесува при првата средба со децата, како се гради односот со него. На крајот на ова глава се наведени основните правила на однесување со деца при признавање на извршување на кривично дело.

Четвртата глава од учебникот е посветана на *тактиката на сослушување на некои посебни категории на граѓани* при нивното сослушување. Посветено е посебно внимание на сослушувањето на жртвите на кривичните дела, значењето на сослушување на старите лица, на душевно болните лица, на експертите. Како посебен

дел на ова глава е и признавањето на извршување на кривично дело, видовите на признавање, мотивите, лажното признавање, како и тактиката на обезбедување на признавање на вина.

Во следната глава насловена како *Посебни истражни мерки* е објаснето значењето што ги имаат овие мерки при откривање и докажување на кривичните дела и нивните сторители. Во ова глава покрај основните законски правила што се потребни за почитување на примена на овие мерки обработени се и криминалистичките карактеристики на секоја посебна истражна мерка.

Шестатта глава се однесува на *увидот на лице место*. На почеток на ова глава авторот ги опишува целите за вршење на увид на лице место. Претставени се дејствијата на првите полициските службеници кои пристигнуваат не местото на настанот, преземените активности, заштитата на животите, личната безбедност и сопственоста на граѓаните, мониторирањето на одреден реон и сл. Понатаму се наведени мерките кои ги презема екипата за увид, планот на дејствување, методите на откривање на трагите на местото на настанот, како се земаат тие траги, обезбедувањето, пакетирањето, транспортирањето до местото каде што се врши нивното нивното екзаминирање. Посебно внимание му е посветено на документарињето на увидните дејствија.

Во текстот на седмата глава опишано е *криминалистичката реконструкција*. Обработена е криминалстичката реконструкција од аспект на правното регулирање, целите на криминалистичката реконструкција, лицата кои се ангажираат, видовите на кримиалистички реконструкции, планирањето и методите на реконструкција на настан. Обработени се основните правила за актот на вршење на криминалистичка реконструкција. Како посебна форма на криминалистичка реконструкција е обработена реконструкција со компјутерското симулирање.

Во текстот на осмата глава обработено е *вештачењето*. Дадени се воведните забелешки во однос на значаењето на вештаечњето во текот на преткривичната и кривичната постапка. Понатаму продолжува со правно процесните аспекти на вештачењето и видовите на вештачење. Посебно внимание му се посветува на судските вештачења и криминалистичките вештачења.

*Привременото обезбедување и одземање на предмети и имот* е обработено во деветтата глава. По воведните забелешки и правното регулирање на привременото обезбедување и одземање на предмети и имот наведени се органите кои можат да преземат такви дејствија. Понатаму се обработува начинот на постапување со

сомнителните предмети. Посебно внимание се посветува на управувањето со привременото одземените предмети и имот од страна на Агенцијата за менаџирање со конфискуван имот.

Десетатта глава е посветена на *претресувањето*. Дадено е поимното одредување на претресот како едно дејствие кое што го преземаат органите на внатрешни работи по наредба на судот со цел откривање на сторителот на казнените дела, или другите лица кои се значајни за некоја судска или административна постапка, предмети или човечки безживотни тела. Понатаму се објаснети правните основи на претресувањето, подготовките што се преземаат, видовите на претреси, како се врши претресување на куќа, лица, на транспортни средства, барањето на компјутерскиот систем, претресувањето на лицата со имунитет, и начинот на постапување со предмети кои се одземаат при претресот.

Единаесетатта глава од учебникот го обработува *препознавањето*. Опишан е правниот основ на препознавањето како едно значајно процесно дејствие. Понатаму се продолжува со подготовките што се преземаат, како што се определувањето на субјектите, објектите, времето на вршење на препознавање. Понатуму во оваа глава е обработена тактиката на препознавање на лица, предмети, непознати трупови, и на местото на настан.

Последната глава е посветена на *соочувањето*. Во оваа глава авторот ни ја претставува суштината на соочувањето, почнувајќи од тактиктиката на соочување, од планирањето и подготвувањето на соочувањето, основните тактички правила за соочувањето па се до фиксирањето на резултатите од соочување.

**II Констатации**

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од ваков тип.

**III Заклучок**

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебник под наслов „Криминалистичка тактика 2“) од авторот проф. д-р Насер Етеми ги задоволува стандардите на учебник од оваа научна област.

Скопје, 16.06.2020 г. Рецензенти

**проф. д-р Ќебир Авзиу, с.р.**

________________________

**проф. д-р Мухамет Рацај, с.р.**

________________________